# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО
# ЗА 2021 г

Акционерско друштво за трговија, финансиско посредување,
изнајмување на имот и деловни активности

## РЖ ЕКОНОМИКА А.Д. Скопје

Ул. 16-та Македонска бригада бр. 18, 1000 Скопје
П.Фах 736, Пошта 1001 Скопје
Телефон: 00 389 2 55 12 59

Април 2022

Содржина


| | | |
|---|---|---|
| 1 | ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО | 3 |
| 2 | ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИ | 4 |
| 3 | ОСНИВАЧКИ ВЛОГ И АКЦИИ ВО ДРУГИ КОМПАНИИ | 5 |
| 4 | ФАКТОРИ НА РАБОТЕЊЕТО | 6 |
| 5 | УСЛОВИ НА СТОПАНИСУВАЊЕ | 7 |
| 6 | ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ | 8 |
| 7 | СУДСКИ СПОРОВИ – ПОСТАПКИ | 10 |
| 8 | ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО | 11 |

# 1 ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО

## 1.1 ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Акционерското друштво РЖ Економика АД-Скопје е запишано во Трговскиот Регистар во рамките на Централниот Регистар на РСМ со целосен назив:

**Рудници и железарница ЕКОНОМИКА Акционерско друштво за трговија, финансиско посредување, изнајмување на имот и деловни активности - Скопје**

со седиште на ул. „16 та Македонска бригада" бр.18, 1000 Скопје, и матичен број , ЕМБС: 5166241.

Приоритетна дејност на Друштвото за 2021 година е шифра 68.20 – Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)

Вкупната главнина на Акционерското друштво изнесува: 2.676.225,00 ЕУР.

Вкупно издадени акции согласно евиденцијата на Централен депозитар за хартии од вредност: 535.245 обични акции

## 1.2 АКЦИОНЕРСКА КНИГА

Акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност, со состојба на ден 31.12.2021 год е следна:

| | | |
|---|---|---|
| Физички лица | 262.553 | 49,05% |
| Правни лица | 272.692 | 50,95% |

Вкупен број на акции: 535.245 со номинална вредност на акцијата: 5,00 ЕУР.

- Вкупен номинален капитал 165.551.370 ден.
- Број на иматели на акции заклучно со 31.12.2021 год изнесува: 3.225
- Просечна цена на тргување на Македонска берза за 2021 год. е 50,00 ден. по акција.

Во 2021 година за 3 дена тргувани се 3.008 акции во вредност од 150.400,00 ден.

Поголеми акционери со над 5% од главнината се :

| | |
|---|---|
| Макстил А.Д. Скопје | 20,10% |
| ДПТУ ГМЛ ДООЕЛ Кавадарци | 19,99% |
| Фирст Поинт МН ДОО Скопје | 8,02% |

# 2 ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИ

## 2.1 ГЛАВНИ ПРИХОДИ

Главните приходи Акционерското друштво ги остварува преку продажба на резервни делови, издавање деловен простор и книговодствени услуги. Во 2021г приходите од овие дејности изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Продажба на резервни делови | 4.658.558,00 ден. |
| - Издавање на деловен и магацински простор | 7.453.055,00 ден. |
| - Сметководствени и книговодствени услуги | 610.822,00 ден. |

## 2.2 ПРИХОДИ ОД ДИВИДЕНДА

Во текот на 2021 година од друштвото Меркур Македонија АД Скопје остварени се приходи од дивиденда во износ од 63.807,00 денари.

# 3 ОСНИВАЧКИ ВЛОГ И АКЦИИ ВО ДРУГИ КОМПАНИИ

## 3.1 ОСНИВАЧКИ ВЛОГ ВО ДРУГИ КОМПАНИИ

РЖ Економика АД-Скопје има основачки влог во следните компании:

| **КОМПАНИЈА** | **Оснивачки влог (ден)** |
|---|---|
| Меркур Македонија | 32,803.00 |
| Гасификација | 301,885.00 |
| **Вкупно** | **334,688.00** |

## 3.2 АКЦИИ ВО ДРУГИ КОМПАНИИ

РЖ Економика АД-Скопје поседува акции во следните компании:

| **КОМПАНИЈА** | **Акции (ден)** |
|---|---|
| Осигурување Македонија АД Скопје Виена Иншуранс груп | 119,501.00 |
| Стопанска банка АД Скопје | 30,165.00 |
| **Вкупно** | **149,666.00** |

# 4 ФАКТОРИ НА РАБОТЕЊЕТО

## 4.1 ГЛАВНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈАЕА НА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО

Главните фактори кои влијаеа на работењето на друштвото во 2021година се:

1. Деловниот амбиент во државата, кој беше погоден од светската економска, здравствена како и енергетска криза која започна во 4-от квартал од годината.

2. Условите во металургискиот комплекс е значаен сегмент од делокругот на нашето работење и на некој начин деловно репродукциската поврзаност со компаниите сукцесори на Скопска Железарница.

# 5 УСЛОВИ НА СТОПАНИСУВАЊЕ

## 5.1 ИЗГЛЕДИ ЗА ИДЕН РАЗВОЈ

Својата долгорочна политика друштвото ја носочува кон оплодување на капиталот. Планираниот развој на друштвото е на неколку точки и тоа:

- Динамизирање на деловните активности од сопствениот делокруг.
- Комерцијално ефектуирање на расположливиот деловен и складишен простор.
- Развој на нови деловни активности.

Со задржување на овие точки планираме приходите да се зголемат за наредната година.

## 5.2 УСЛОВИ НА СТОПАНИСУВАЊЕ

Друштвото не се впушташе во ризични трансакции, сé со цел да не се загрози постоечката стабилност.

# 6 ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

## 6.1 ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2021 и 2020 ГОДИНА

Во услови за стопанисување практикувани во 2021 година од работењето на РЖ ЕКОНОМИКА АД се постигнати следните резултати:

*Податоците се во 000 денари*

| **О П И С** | **2021** | **2020** |
|---|---|---|
| *Добивка/загуба пред оданочување* | *-2.659* | *-2.910* |
| *Данок на добивка* | | |
| **Нето добивка/ загуба за финансиска година** | **-2.659** | **-2.910** |

### 6.1.1 БИЛАНС НА УСПЕХ НА 31.12.2021 ГОДИНА

*Податоците се во 000 денари*

| **О П И С** | **2021** | **2020** |
|---|---|---|
| **Приходи од работењето** | **12.806** | **13.049** |
| *- Приходи од продажба* | *12.722* | *12.896* |
| *- Останати приходи* | *84* | *153* |
| **Расходи од работење** | **15.526** | **15.990** |
| *- Материјални трошоци* | *3.485* | *3.863* |
| *- Трошоци за вработени* | *9.474* | *9.773* |
| *- Амортизација* | *2.429* | *2.354* |
| *- Останати трошоци од работење* | *138* | */* |
| **Финансиски приходи** | **64** | **31** |
| *- Приходи од дивиденди* | *64* | *31* |
| *- Приходи од камати* | */* | */* |
| **Финансиски расходи** | **3** | **/** |
| *- Расходи од камати* | *3* | */* |
| **Добивка/ загуба пред оданочување** | **-2.659** | **-2.910** |
| *- Данок од добивка* | | |
| **Нето добивка за деловна година** | **-2.659** | **-2.910** |

### 6.1.2 КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ

*Податоците се во 000 денари*

| **ОПИС** | **2021г.** | **2020г.** |
|---|---|---|
| *Запишан капитал* | *165.551* | *165.551* |
| *Ревалоризациони резерви* | */* | */* |
| *Резерви* | *2.927* | *6.726* |
| *Акумулирана загуба / добивка* | *1.964* | *824* |
| **Нето добивка / загуба за финансиска год.** | **-2.659** | **-2.910** |
| **ВКУПЕН КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | **170.442** | **173.101** |

Одборот на директори во изминатиот период се концентрира пред се да ги сведе трошоците на минимум и да работи економично и рационално.

Акционерското друштво редовно ги подмируваше месечните трошоци по однос на услуги, даноци и сите давачки согласно законот, како и законската обврска за исплата на регрес за годишен одмор.

## 6.2 ПРИМАЊА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ВО 2021 ГОДИНА

Неизвршните членови на Одборот на директори според одлука на акционерско собрание примаат нето награда од 6.000,00 денари месечно.

# 7 СУДСКИ СПОРОВИ – ПОСТАПКИ

## 7.1 СУДСКИ СПОРОВИ ПРОТИВ РЖ ЕКОНОМИКА АД СКОПЈЕ

РЖ Економика АД -Скопје нема евидентиорано/примено судски спорови против неа.

## 7.2 СУДСКИ СПОРОВИ ПОВЕДЕНИ ОД СТРАНА НА РЖ ЕКОНОМИКА АД СКОПЈЕ

РЖ Економика АД-Скопје има поведено судски спорови пред надлежните судови према:

1. Фирмата Техно Павер Дооел-Скопје во износ од 30.750,00 денари кој е спор од 2018 година и моментално е на извршување преку Извршител во корист на РЖ Економика АД -Скопје.

# 8 ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

Со цел акционерското друштво да работи позитивно во 2022 година ќе продолжи да ги презема потребните активности за целосно издавање на деловниот и магацинскиот простор, како и обезбедување потесна деловна комуникација со партнерите од индустрискиот круг на железарницата за наменските делови како и со други за стандардните делови. Со тоа ќе се овозможи друштвото да приходува во целост, што значително ќе придонесе во сигурноста на неговите месечни приходи.

Политиката на Одборот на директори е и во иднина да ја одржува ликвидноста на друштвото и да ги зголеми приходите по повеќе основи .

Во тој контекст ќе се следи состојбата и развојот на настаните во стопанството и ќе се донесуваат соодветни заклучоци, а се во интерес на искористување на постојните средства и создавање база за развој и напредок на друштвото.

**РЖ ЕКОНОМИКА АД Скопје**

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

**Извршен директор**

**Сашко Ѓорчевски**